# КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН






**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**25 - 31 август 2026 Билтен бр. 649**

# ЕВЕРГРИН ВЕЧЕР СО„ ДАЦ И АЛЕКСАНДАР“

**Петтата вечер од Карошовото културно лето, помина во знакот на музичката изведба на добропознатото дуо „Дац и Александар“. На платото на „Млечен“, во прекрасен амбиент , голем број на карпошани се забавуваа, како со авторските хитови така и со преработка на познати музички песни , како „Љуби ме“, „Уште те барам“, „Чија си“, „Пушти Коси“, „Како Вардар ќе дотечам“, „Корона Чао“ „ Милена Генерацијо“ и многу, многу други песни. На оваа вечер, присуствуваше и првиот човек на Општината, Сотир Лукровски, кој истакна дека карпошовото културно лето е одлична можност за другарување и спој на различни генерации карпошани:**

**Оваа традиционална културно–уметничка манифестација ја искористивме повторно да се сретнеме со соседите и пријателите, да се забавуваме и споделуваме позитивна енергија. Ви посакувам убава пријатна вечер, и ве поканувам да присуствувате , на сите преостанати вечери до крајот на карпошовото културно лето, кои ќе бидат исполнети со музика за сечиј вкус и сите генерации на карпошани, нагласи Лукровски.**
**Вибрантната атмосфера, добрата енергија и „проверената“ забава, беше надополнета со изненадувањето на вечерта – нашите музички звезди од деведесеттите години, сестрите „Маријана и Росана“.**

**Ова наше легендарно музичко дуо, кое освен што ги испеа нивните најголеми и најпознати хитови, и ги вратија карпошани во едни убави, не толку далечни времиња, на оваа сцена заедно со „домаќините“ Дац и Александар ја изведоа нивната заедничка песна „Засекогаш млади“.**



# ЛУКРОВСКИ НА РАБОТНА СРЕДБА ВО УХМР

**Градоначалникот Сотир Лукровски, денеска присуствуваше на работна средба во просториите на Управата за хидрометеоролошки работи. Директорот на УХМР Игор Лазаровски, ги запозна првиот човек на Општината и претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, со реализираните активности и инвестиции во УХМР.**

**Во рамки на настанот се говореше за модернизација на институцијата, подобрување на условите за работа, зајакнување на техничките и оперативните капацицтети на оваа установа.**



# ОТСТРАНУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА НИЗ КАРПОШ

**Секторот Инспекторат од Општина Карпош во соработка со колективен постапувач, денеска спроведе редовна акција за подигнување на отпадните (хаварисани) возила од јавните површини на територија на локалната самоуправа. Акцијата се одвиваше во реонот на У.З. „Владо Тасевски“ каде беа отстранети неколку отпадни возила со регистарски таблички, за кои претходно се водеше инспекциска постапка. Целта на оваа иницијатива е ослободување на јавните површини, како и подобрување на квалитетот на здравата животна средина. Општина Карпош апелира на совесно однесување на граѓаните, во насока на заедничко дејствување за почист Карпош.**



# ПОП-РОК ЗАБАВА ЗА КАРПОШАНИ НА МЛЕЧЕН

На шестата вечер од културното лето, на платото „Млечен“, карпошани се забавуваа со поп-рок бендот „Balkan Jam Band“. Во опуштена и релаксирана атмосфера, градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, помеѓу своите сограѓани, го проследи настапот на оваа искусна македонска музичка формација. Со домашни хитови од познати македонски пејачи и групи, како „Што и да е ќе помине“, „Пушти коси“, „Чија си“, „223-305“ и многу други, македонскиот музички бенд приреди одлична вечер за сите љубители на овој музички жанр.

Оваа вечер во дворот на ООУ„ Петар Поп Арсов“, се прикажа филмот „TEDUA ЖИМИ МЕНЕ“, каде што присутните, заедно со своите маалски соседи, роднини и пријатели, уживаа во проекцијата на „киното на отворено“ кое ќе трае се до четврток на истата локација, со почеток од 20:00 часот. За сите возрасни генерации на карпошани, овогодинешната културна манифестација нуди широк репортоар на музичка програма, културно-уметнички настани, кино на отворено, како и настани за нашите најмлади жители, од претшколска возраст.



# ВО ИНТЕРЕС НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ, ИСКЛУЧЕНИ ЧЕТИРИ ФОНТАНИ ВО КАРПОШ

**Во насока на преземање активности за справување со вирусот на Западно – нилска треска, Општина Карпош ги исклучи четирите фонтани кои се наоѓаат на нејзина територија.**

**Општинските служби го преземаат овој чекор, како превентивна мерка за спречување на појава на ларви и комарци, кои шират вирусни заболувања. За таа цел се исклучени:**
**-Фонтаната во населбата Бардовци;**
**-Фонтаната спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“;**
**-Фонтаната на плоштадот Делфина во Влае; и**
**–Фонтаната во Карпош 3 (спроти Тинекс).**

**Се надеваме на разбирање од карпошани, бидејќи Општина Карпош ја презема оваа мерка во интерес на безбедноста и здравјето на сите жители. Во оваа пригода, апелираме до нашите сограѓани да се придржуваат до препораките од Институтот за јавно здравје.**



# ПОЗИТИВНИ ВИБРАЦИИ ОД КЛАСИЧНАТА МУЗИКА ВО КАРПОШ

**Во холот на Општина Карпош, се одржа концерт на женскиот квартет „Полихимниа“. Целта на овој концерт на камерната музика, е промоција на ваков вид музика во општина Карпош, односно запознавање на публиката со дела од светската литература за камерна музика, промоција на класичната музика и запознавање на карпошани со музичкото творештво на класичните композитори и значајни музички дела од светската класична литература, современи автори и дела од современи македонски автори.**

**Слушателите уживаа во изведбата на искусниот квартет , во чиј состав членуваат: Риана Рамиз Мемедов –автор, носител на проектот , виолинист и член на квартетот, Маре Видевска-виолончелист (член на квартетот), како и Верица Шотаровска-пијанист (член на квартетот) и Николина Ефтимова-Тодоровска , флејтист (член на квартетот). Изведбениот концерт од класичната музика на територијата на Општина Карпош, од страна на овој квартет, кој имал многубројни настапи низ повеќе сцени во државата, претставува музицирање на нов културен бран, кој со својата техника и виртуозност , од една страна , како и изразност, сензитивност и лирска мелодичност од друга страна, е пренесен и во Карпош.**



# ФОЛКЛОР, ТРАДИЦИЈА, КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, КРЕАТИВНИ ПРИКАЗНИ, ЦИРКУЛАРНА УМЕТНОСТ ВО РАМКИ НА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

**Од уметност што им дава нов живот на отфрлените материјали, до фолклор што го одржува живо културното наследство – вчера Платото на Млечен беше сцена на две различни, но силно поврзани приказни.**
**Со ReART – патувачката изложба на циркуларна уметност, младите автори покажаа дека креативноста може да започне токму таму каде што најмалку ја очекуваме. Делови од електронски отпад и предмети кои некогаш имале друга намена, преку нивната имагинација добија нова форма, нова вредност и нова приказна.**

**Вечерта ја збогати и настапот на КУД „Мирче Ацев“, кој преку песната, музиката и фолклорот уште еднаш ја донесе традицијата поблиску до публиката.**
**Современата креативност и традицијата можат да зборуваат на различен јазик, но носат иста порака – културата живее кога ја создаваме, ја чуваме и ја споделуваме.**
**Продолжуваме во ритамот на „Карпошово културно лето 2026".**



# ЏАМБАЗОВ И ГУРУ ХАРЕ ЈА КРЕНАА ПУБЛИКАТА НА НОЗЕ

**Вчеравечер Карпошовото културно лето започна со презентација на фолклорната уметност , во организација на АКУД „Мирче Ацев“. Освен домашни групи, танцовите фолклорни ансамбли од Мексико, Романија, Унгарија , Полска и Турција, беа одлична можност, почитувачите на автентичниот фолклор да се насладат на интернационална играорна култура од други земји.**

**Во присуство на градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, во рамки на проектот „ReArt, во кафулето „Ли“, за љубителите на овој вид на уметност, беа изложени и презентирани автентично изработени скулптури од рециклирани материјали, создадени од млади таленти .**

**-Навистина ми претставува особена чест, што вечерва имаме можност да ги видиме овие фасцинантни дела од оваа изложба. Она што го гледаме пред нас е најдобар доказ дека уметноста може да се роди токму таму, каде што најмалку ја очекуваме. Особено ме радува што зад овие дела стојат млади луѓе. Тие ни покажуваат дека креативноста нема граници, а одговорниот однос кон животната средина може да започне со едноставна промена во начинот на кој гледаме на работите околу нас, потенцираше првиот човек на Карпош , Лукровски.**

**Во училишниот двор на ООУ „Петар Поп Арсов“ со почеток од 20:00 часот , во рамки на отвореното кино, беше прикажан филмот „Исцелител“. И овој пат, карпошани, заедно со своите маалски соседи, роднини и пријатели, гледаа домашен македонски филм, во една релаксирана и опуштена атмосфера.**

**Седмата вечер на отвореното културно лето во Карпош, заврши на најдобар можен начин-со одлична забава со неповторливите Игор Џамбазов и Гуру Харе . Нашиот легендарен шоумен заедно со гитаристот во придружба, направија незаборавна вечер за паметење. Со бравурозен настап, како на „филмска лента“ се редеа познатите македонски поп-рок хитови и евергрини од познати македонски изведувачи кои ги натераа присутните заедно со Џамбазов и Гуру Харе да пејат и одлично да се веселат.**



# КАРПОШ ЌЕ УЧЕСТВУВА НА ЈАВЕН КОНКУРС ЗА НАБАВКА НА ВЕНДИНГ МАШИНИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ПЛАСТИКА И ЛИМЕНКИ

**Советот на Општина Карпош денеска заседаваше по 17-ти пат при што советниците расправаа и полноважно одлучуваа по 26 точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока беше поддржана Предлог – Одлуката според која локалната самоуправа доби согласност од Советот, да аплицира на Јавниот конкурс за проекти. Имено, Општина Карпош преку Центарот за развој на Скопски плански регион ќе учествува на конкурсот кој го распиша Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), а истиот се однесува за набавка на вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки.**

**Доколку биде позитивно разгледана апликацијата, Општината ќе набави машини за рециклирање кои ќе ги лоцира во пет поголеми основни училишта на своја територија, кои работат во две смени. Според договореното, Пакомак ќе ги одржува и сервисира машините, а исто така ќе го презема отпадот и ќе врши едукација на учениците за правилна селекција и рециклирање на отпадот. Целосната вредност на проектот изнесува 6.712.725 денари со ддв. Општина Карпош би го кофинансирала проектот со 1.200.000 денари, а МЖСПП треба да ги обезбеди останатите средства во висина од 5.512.725 денари.**

**Поддршка од Советот доби и Одлуката за прифаќање на донација од фирмата Лапласт – М ДООЕЛ од Скопје. Станува збор за донација за опремување на детско игралиште со соодветни реквизити. Вкупната вредност на оваа донација изнесува 428.000 денари. Со истата динамика, советниците ја изгласаа Одлуката за прифаќање на донација од Здружението на граѓани за унапредувањена екстремните спортови ,,ЕКСТРИМ СПОРТС СКОПЈЕ“. Во случајов, донацијата ќе биде наменета за демонтирање на руинираните дрвени елементи и ревитализација на скејт – паркот во Општина Карпош, со долготрајни елементи од полиран бетон. Вкупната вредност на оваа донацијата изнесува 74.000 денари. Во рамки на денешната седница беше прифатена и разгледувана дополнителна точка која се најде на дневениот ред. Поточно, советниците ја изгласаа Одлуката за доделување на еднократен паричен надоместок за вработените во општинската администрација на Општина Карпош, за нивниот ангажман во теренското расчистување и отстранувањето на последиците предизвикани од невремето, што се случи на 21 јули 2026 година, на територија на локалната самоуправа.**

**Мнозинството советници ја изгласаа Одлуката за давање на согласност за користење на името „КАРПОШ“, во постапка за основање на правен субјект. Станува збор за називот на фирмата за сервис, ремонт и монтажа на лифтови, ДАКА КАРПОШ МСС ДОО Скопје.**

**Поддршка од Советот доби и Предлог – Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година, во Општина Карпош. Изгласано беше и Предлог – Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“. Советниците обезбедија потребно мнозинство и за Предлог – Решението, за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во детската градинка „Мајски Цвет“.**

**Усвоени беа Годишните Извештаи за работата на сите општински детски градинки на територија на Карпош за 2025/2026 година. Оттука беа усвоени и Годишните Програми за работата на детските градинки за 2026/2027 година. Советниците дадоа „зелено светло“ и за Годишните Програми за работата на десетте основни училишта во Карпош за 2026/2027 година.**



# РЕДОВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА, ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДЕЗИНСЕКЦИЈА ВО СИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Лиценцирана фирма која ја ангажираше Општина Карпош, спроведе редовна акција за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите основни училишта на територија на локалната самоуправа.**
**Кабинетите, училниците и холовите беа соодветно третирани со цел да се обезбеди потребната заштита, безбедност и подобрување на хигиенските услови.**

**Во таа насока беа опфатени сите училишни простории, со цел обезбедување чиста и безбедна средина одвивање на образовниот процес. Активноста овозможи целосно отстранување на штетни честички и вируси, со што се гарантира хигиенска сигурност и заштита на здравјето на учениците и наставниот кадар.**
**Со оваа иницијатива Општина Карпош го подигнува нивото на заштита на здравјето на учениците и наставниот кадар, како и создавање на средина во која воспитно-образовниот процес ќе се одвива непречено и безбедно.**



## ХОРСКА ИЗВЕДБА, УМЕТНИЧКА ИЗЛОЖБА И ПОП-РОК МУЗИКА НА „МЛЕЧЕН“

**Осмата вечер на Карпошовото културно лето, помина во знакот на културно-уметничките перформанси и изложби, и енергична поп-рок забава. Публиката на платото „Млечен“, уживаше и се наследуваше во изведбата на богатиот репертоар на женскиот хор „ФРИДА“, кој интерпретира преработки на светски хитови од 60-тите, 70-тите, и 80-тите години на минатиот век, како и македонски евергрини и традиционални песни, и филмска музика. Во хорот членуваат повеќе од 100 вокалистки, организирани во три секции (групи), а основач, музички раководител и диригент на хорот е Сузана Турунџиева- вокален солист и музички педагог. Со почеток од 19:30 часот, на истата локација, се одржа групна ликовна изложба „Карпош меѓу боите и генерациите“, на учениците од Школата за цртање и сликање „Галика Премиум Арт“, која е со седиште во Општина Карпош. На изложбата беа претставени околу 15 автори-деца, млади и возрасни , со по едно или две внимателно работени, одбрани, технички перфектни и сериозни ликовни дела, акрил на акрилена картонска подлога и дел цртежи, специјално работени за претстојниот настан „Карпошово културно лето 2026“.**

**На изложбата беше претставено и едно авторско дело од академскиот ликовен уметник Елена Галика, основач и ментор на „Галика Премиум Арт“, со што симболично се прикажа поврзаноста помеѓу професионалното уметничко творештво и едукативниот процес.**



# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ СО ПОРАКА ЗА МИР, ЉУБОВ И ЗАЕДНИШТВО ПО ПОВОД ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА

**Првиот човек на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска го одбележа големиот христијански празник Успение на Пресвета Богородица – Голема Богородица, со посета на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Скопје. Во духот на празникот, градоначалникот упати честитки до сите православни верници, со желби за добро здравје, духовен мир, благосостојба и семејна среќа.**

**„Овој голем празник нѐ потсетува на најважните човечки вредности – верата, љубовта, надежта, милосрдието и грижата за ближниот" – порача Лукровски.**

**Успението на Пресвета Богородица, познато меѓу народот како Голема Богородица, е еден од најголемите празници посветени на Божјата Мајка и има особено значајно место во православната духовна традиција.**



# РЕКОНСТРУИРАНИ УЛИЦИТЕ „АТИНСКА“ И „ТРИФУН БУЗЕВ“

**Општина Карпош целосно ги реновираше улиците „Трифун Бузев“ во населбата Карпош 4 и „Атинска“, во населбата Тафталиџе 1. Освен поставување на асфалтен слој од 559 м2 на ул. Трифун Бузев, со 80 метри на големиот рабник и 80 метри на малиот рабник, на оваа улица исто така се постави нов асфалтен слој и на паркинзите кои се наоѓаат во нејзината непосредна близина. Поточно, на првиот паркинг беа поставени 540 м2 нов асфалтен слој (голем рабник 145 метри, мал рабник 54 метри), додека на вториот паркинг беше поставен асфалт од 534 м2 (голем рабник 130 метри, мал рабник 29 метри). Улицата „Атинска“ во должина од 434 метри со дополнителни 20 метри, беше целосно реновирана со поставување на асфалт од 3.107м2 и нов асфалтен тротоар од 565 м2.**

**На истата улица, се асфалтираа 648метри (голем рабник), како и 211 метри (мал рабник). Општина Карпош и во иднина ќе инвестира сопствени средства од својот буџет, како и финансиски средства, добиени од други извори за реновирање, реконструирање и ревитализација на инфраструкрурната мрежа на целата нејзина територија, по претходно приоритетно утврдени и мапирани локации.**



## МЛАДИНСКИ ФУДБАЛСКИ ТУРНИР ВО БАРДОВЦИ

**Во рамки на манифестацијата „Карпошово културно лето 2026“, претпладнево, во организација на ФК „Лепенец“, на фудбалските терени на клубот , во населеното место Бардовци започна дводневниот младински фудбалски турнир. Во него учествуваат 32 екипи поделени во две генерации: 2016 (шеснаесет екипи) и 2017-та година (шеснаесет екипи). Овој настан има за цел да ги промовира спортските вредности, фер-плејот, другарството и здравиот развој на младите генерации преку спортот. На спортскиот турнир, присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, кој истакна дека спортот е одлична можност младите да го развиваат својот потенцијал, да се учат на дисциплина, одговорност, правилни животни вредности и да ја насочуваат својата младешка енергија во вистински правец.**

**Како знак на благодарност за поддршката и придонесот кон развојот и промоцијата на спортот, претседателот на ФК „Лепенец“, м-р Игор Божиновски, му врачи благодарница на градоначалникот Лукровски. Општина Карпош, како локална самоуправа е покровител на овој спортски настан. Општината и во иднина ќе инвестира во промоција на спортски настани, млади спорски таленти и спортски турнири. Саботното претпладне, градоначалникот Лукровски го искористи и за посета на црквата Св. Троица во Бардовци, каде ќе се одржи последната вечер од Карпошовото културно лето. Имено, во дворот на оваа црква, вечерва настапува фолклорниот ансамбл „Етнос“, а потоа карпошани ќе уживаат во веселите звуци на незаборавните фолк пејачи, Душко Георгиевски, Миле Кузмановски и Зуица Лазова.**



# КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

**Ова саботно попладне, градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски го искористи за да направи увид во инфраструктурните активности, кои локалната самоуправа и презема низ населбата Бардовци во последниве 10 месеци.**

**Во таа насока, првиот човек на Општината беше во обиколка на инфраструктурата во рамки на станбениот комплекс „Бахаш", каде Општина Карпош инвестираше во асфалтирање на нова улична мрежа, рабници и пешачки патеки, фекална и атмосферска канализација и поставување на современо улично осветлување.**

**Оттука, Лукровски се упати кон улица 1687 којашто целосно е асфалтирана, поставени се нови рабници, долж коловозот е направена пешачка патека со бехатон плочки, инсталирана е нова атмосферска и фекална канализација, а при крај се активностите за поставување на ново улично осветлување со штедливи лед – светилки.**
**Градоначалникот на Карпош беше и во обиколка на улица 6А, каде треба да се интервенира со поставување на фекална канализација.**



# УЛИЦАТА „СОФИСКА“ НАСКОРО ДОБИВА НОВ ЛИК

**Идната седмица (четврток, 03.09.2026) Општина Карпош ќе започне со реконструкција на постојната улична мрежа на ул. „Софиска“ во населбата Тафталиџе 2.**

**Реконструкцијата се однесува на коловозот кој опфаќа асфалтна површина, замена на рабници и долен строј, како и замена на бехатон коцките на тротоарот.**

ОПШТИНА КАРПОШ

# КАРПОШОВА ВЕЧЕР ВО ЗНАКОТ НА ФОЛКЛОРОТ И ТРАДИЦИЈАТА

**Во дворот на црквата „Св.Троица“ во населбата Бардовци, во знакот на македонскиот фолклор и традиција, беше одбележана последната вечер од Карпошово културно лето. На самиот почеток, на сцената блеснаа енергичните играорци од фолклорниот ансамбл „Етнос“, со добропознатите народни танци и ора. На сцената доминираа автентичните колоритни македонски носии и звукот на традиционалниот народен мелос. Настанот го крунисаа ѕвездите на вечерта, Зуица Лазова, Миле Кузмановски и Душко Георгиевски, кои со својот енергичен настап му дадоа душа на просторот, создавајќи мистична атмосфера пред присутните гости. Во саботната спонтана вечер, пред присутните се обрати градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, нагласувајќи дека културата, традицијата и обичаите се живи, сѐ додека луѓето ги носат во себе и ги споделуваат меѓу младите генерации.**

**Овогодинешното културно лето во Општина Карпош, на граѓаните им понуди разновиден музички репертоар, за сите музички вкусови и генерации. Познати македонски музички имиња, млади и надежни рап изведувачи, културно-уметнички друштва, арт презентации и филмски проекции на „кино на отворено“, беа само дел од палетата на настани кои му дадоа специфичен печат на седумнаесеттото издание на Карпошовото културно лето.**



# КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО 2026 – ИСПОЛНЕТО СО УМЕТНОСТ, КУЛТУРА, ТРАДИЦИЈА И ЗАЕДНИЧКА ДРУЖБА

**Со богата уметничка програма и во духот на културата, творештвото и заедништвото, свечено беше затворено Карпошово културно лето 2026.**

**Во рамките на завршната изложбена поставка, посетителите имаа можност да ги проследат делата на "Нерешките мајстори", уметничките дела создадени во рамките на ликовната колонија, како и изложбата на скулптури од патувачката изложба „РеАрт".**

**Посебно место заземаа плакатите посветени на творештвото на Горан Стефановски, кои преку визуелниот јазик не потсетија на неговото исклучително книжевно и драмско наследство. На завршниот ден од затворањето на овогодинешното Карпошово културно лето, беа изложени макетите кои беа направени и шарено обоени од најмалите рачиња, во рамки на детската интерактивна работилница која се одржа во почетокот на оваа забавна манифестација.**

**Целокупната изложбена програма беше проследена со прекрасните звуци на мандолинскиот оркестар на Ерхан Шукри, создавајќи посебна атмосфера за достојно заокружување на уште едно културно лето во Карпош.**

**На затворањето присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски во придружба на претседателот на Совет, Христо Саракинов. Во својот говор пред присутните, Лукровски се заблагодари на сите оние кои беа дел од оваа успешна приказна.**



# ФК„ФОРЦА БЕЛА“ И ФК„КАРЕВ“ ДОМИНИРААНА МЛАДИНСКИОТ ФУДБАЛКИ ТУРНИР „ЛЕПЕНЕЦ КУП 2026“

**Во рамки на Карпошовото културно лето 2026, денеска заврши дводневниот фудбалски турнир „ЛЕПЕНЕЦ КУП 2026“ кој се одржа во населбата Бардовци. Со поддршка на Општина Карпош, на возбудливиот турнир кој се одржува по втор пат, се натпреваруваа 32 екипи составени од младите надежни фудбалери од девет и десет годишна возраст, поделени во две генерации (2016 и 2017 година).**

**Првото место во генерацијата 2016 го освои тимот на ФК Форца Бела, која славеше убедливо над своите соперници од ФК Водно, со резултат 7:1. Во борбата за третото место поуспешни беа ФК Њу Старс, кои со резултат од од 4:2 славеа над ФК Албион 1. Титулата најдобар стрелец во оваа категорија ја понесе десетгодишниот фудбалер Афан Рамадани од ФК Албион, кој постигна 16 голови на турнирот.**

**До златниот трофеј во генерацијата 2017, во крајно неизвесен меч, екипата на ФК Карев триумфираше над своите ривали од ФК Бутел со резултат 2:1. Во за третото место, бронзата ја однесе ФК Албион, кој во неизвесен меч славеше над ФК Сарај со резултат 4:3. Во оваа категорија младинци, за најдобар стрелец беше прогласен деветгодишниот фудбалер Анис Шабани од ФК Албион, со постигнати 15 голови.**



# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ДОБИ СЕНЗОРНА СОБА

**Во ООУ „Петар Поп Арсов“ денеска беше отворена нова сензорна соба, наменета за подобрување на условите за работа и развој на учениците на кои им е потребна дополнителна сензорна поддршка. На отворањето присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој ја поздрави иницијативата и донацијата со која се збогатуваат условите во училиштето.**

**Сензорната соба е донација од Здружението на граѓани „ПОЗИТИВО“ од Скопје, а вкупната вредност на донацијата изнесува 134.997 денари. Со оваа иницијатива, просторот е опремен со различни реквизити и дидактички помагала кои овозможуваат стимулирање на сетилата, развивање на моторичките способности и создавање пријатна и безбедна средина за учениците. Во рамки на донацијата се обезбедени повеќе реквизити. Имено, посебната просторија содржи соодветна подлога за дечињата, платнена лулашка, трамболина со рачка, проектор „Ѕвездено небо“, душек, сензорно огледало “, меки ѕидни панели, графомоторичка табла, прилагодлив тунел и магнетни плочки. Донацијата го опфаќа и поставувањето, односно монтажата на сензорната соба.**

**Со отворањето на овој простор, ООУ „Петар Поп Арсов“ добива дополнителни можности за реализација на активности прилагодени на индивидуалните потреби на учениците, со цел унапредување на нивниот развој, учењето и благосостојбата. Иницијативата претставува пример за значењето на соработката меѓу образовните институции, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор во создавањето поинклузивна и поддржувачка училишна средина.**

